**ГРАД СКОПЈЕ**
КОМИСИЈА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден бр.82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 222
факс: 02/ 3 297 292

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-1385/4
12.02.2020
СКОПЈЕ-SHKUP

**Предмет: Одговор на прашање**

**Врска: К О Н К У Р С бр.01599/2020 за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт 3 01**

Почитувани,

Во врска со поставени прашања по однос на објавен **К О Н К У Р С за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од Градска Четврт 3 01 бр. 01599/2020**, Жири Комисијата го доставува следниот одговор на прашање и измена на конкурсна документација.

**Прашање бр.1:**

Почитувани,

Ја разгледував Конкурсната документација за Конкурсот за избор на идејно архитектонско и хортикултурно решение за парк во Општина Карпош, дел од градска четврт 3 01 за која имам неколку прашања и нејснотии:

- Дали како физичко лице треба некаде да се пријавам за конкурсот или само си го доставувам во град Скопје?

Доколку треба да се пријавам некаде дали тоа се плаќа?

**Одговор на прашање бр.1:**

Право на учество на Конкурсот имаат сите правни и физички лица.
Во Конкурсните услови во делот "Опрема на конкурсните трудови:" и "Во заедничката обвивка на конкурсниот труд се приложува:" од Конкурсната документација, е утврден начинот на доставување на трудовите.
Согласно конкурсните услови трудовите се доставуваат лично во Архивата на Град Скопје лоцирана во Одделение за јавни набавки (барака бр.1) или по пошта на адреса: бул. Илинден бр.82 во утврдениот рок за доставување на трудовите.
Авторот на трудот не е обврзан да се пријави на електронскиот систем на јавни набавки за учество во Конкурсот. Со доставување на трудот на начин и услови утврдени во конкурсната докумнетација се пријавува и учествува во Конкурсот.

Доколку како физичко лице сакате да добивате известувања од електронскиот систем за јавни набавки во врска со Конкурси и други објавени огласи на системот, можете да се регистрирате и да се пријавите како корисник на електронскиот систем за што се плаќа надомест кој е утврден од страна на Бироро за јавни набавки.

За начинот на регистрирање и користење на електронскиот систем контактирајте го Бирото за јавни набавки.

**Прашање бр.2:**
Во Конкурсната документација имате нагласено два различни формати за графичките прилози, односно на страна 3 и 6 стои дека трудот е во формат 100см х 70см, а на страна 5 стои дека графичките прилози треба да се во формат 80см х 60 см.
Во кој формат треба да се предадат графичките прилози?

**Одговор на прашање бр.2:**
Во однос на вашата забелешка, Ве известуваме дека е направена техничка грешка во конкурсната документација и се врши дополнување и измена во однос на истото односно:
**-Графичките прилози треба да се предадат во формат 100см х 70см.**

**Прашање бр.3:**
- Во конкурсната документација на страна 6 каде се болдирани буквите пишува дека текстуалниот дел треба да е во два примероци, а малку подолу на истата страна 6 во поглавјето Конкурсни услови во вториот пасос пишува дека текстуалниот дел се доставува во една копија.
Колку копии треба да има текстуалниот дел?

**Одговор на прашање бр.3:**
**-Текстуалниот дел се доставува во два примерока.**

Со почит,

**Претседател**

**Никола Наумовски**